Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022

Извадок на дел од дневни настани 22.04.2022

Денеска (22.04.2022) во 08.00 часот полициски службеници од СВР Тетово го лишиле од слобода Д.М.(26) од Тетово. По претходно добиена судска наредба, извршен е претрес во дом и други простории кај Д.М., во врска со кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори", предвидено и казниво по член 215 од Кривичниот законик, при што беле пронајдени марихуана и дробилка. Д.М. е приведен и по целосно расчистување и документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 21.04.2022 во 21.50 часот во тетовско Долно Палчиште полициски службеници од Полициското одделение Камењане го лишиле од слобода Џ.Р.(47) од тетовско Синичане. Тој се сомнили дека претходно извршил кражба на плац за градежни работи, сопственост на А.А. од истото село. Џ.Р. е приведен во полициска станица, а кај него се пронајдени предметите од извршеното кривично дело, кои што подоцна со потврда му се вратени на сопственикот. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 21.04.2022 во 18.10 часот во казино на подрачјето на Драчево од полициски службеници од СВР Скопје – Единица за недозволена трговија е лишено од слобода едно лице од с.Палиград, скопско, затоа што при претрес во казиното, извршен со судска наредба од Основен кривичен суд, во просторија од казиното била пронајдена и одземена бела прашкаста материја. По целосно расчистување и документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 21.04.2022 во 15.00 часот во Полициска станица Карпош, Б.Ј.(82) од Скопје пријавил дека на ул.„Бледски договор" бил каснат од куче скитник.

На 21.04.2022 во 14.40 часот полициски службеници од Полициското одделение Теарце го лишиле од слобода Д.М.(34) од тетовска Вратница. За него постои основано сомнение дека е извршител на повеќе тешки кражби на подрачјето на Теарце. Д.М. е приведен и задржан во Полициска станица Тетово за понатамошна постапка, а по целосно расчистување и документирање на случајот против него ќе следи соодветен поднесок.

На 21.04.2022 во ОВР Кичево приведен е Б.Р.(63) од кичевското село Подвис. При претрес извршен по судска наредба во неговиот дом, полициските службеници пронајдоа и одземаа ловна пушка „Оразара" калибар 16 мм и десет ловни патрони, што нелегално ги поседувал. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 21.04.2022 во 14.10 часот во Полициска станица Бит Пазар, А.А.(30) од Скопје пријавила дека на ул.„Серава" нејзината малолетна ќерка била касната од куче скитник.

На 21.04.2022 година од 15.00 до 19.00 часот, при извршени сообраќајни контроли во Охрид, полициските службеници затекнале и санкционирале 15 возачи кои управувале моторно возило со брзина поголема од дозволената (08 - надвор од населено место, 07 - во населено место).

На 21.04.2022 во 19.00 часот во Полициска станица Карпош, Д.П.(48) од Скопје пријавил дека на ул.„Багдадска" бил каснат од куче скитник.

На 20.04.2022 во 13.30 часот од страна на полициски службеници од ЕВР ОКР Ѓорче Петров од слобода бил лишен Н.А.(31) од Скопје, а на 21.04.2022 против него е поднесена кривична пријава, поради постоење на основано сомнение за сторени три кривични дела за „одземање на моторно возило" по чл. 242 и едно кривично дело „кражба" по чл. 235 од Кривичниот законик. На 02.11.2020 во 18.10 часот, во скопски Сарај, Н.А. од Скопје, искористил погоден момент и бесправно одзел патничко возило „мерцедес", сопственост на М.З.(52) од Скопје. Подоцна, од страна на полициски службеници од Полициското одделение Сарај, одземеното возило било пронајдено на автопатот Тетово-Скопје, при што било констатирано дека од него се одземени уште неколку предмети. На 15.12.2021 во 16.00 часот на подрачјето на Ѓорче Петров, Н.А. одзел патничко возило „хјундаи", сопственост на јавно претпријатие, кое го управувал Б.Т.(57) од Гостивар. Одземеното возило било пронајдено од полициски службеници од Единицата за интервентна полиција на локалниот пат с.Шишево - с.Грчец, при што било констатирано дека од возилото Н.А. одзел повеќе лични предмети. На 25.01.2022 во 18.10 часот на подрачјето на Ѓорче Петров, Н.А. одзел патничко возило на „фолксваген пасат", сопственост на М.Т.(45) од Скопје, од кое исто така одзел повеќе лични предмети. Возилото било пронајдено од полициски службеници од Единицата за интервентна полиција во место викано „Ниви", атар во с.Грчец. Н.А. бил приведен во просториите на Полициска станица Ѓорче Петров, со него е извршен службен разговор, по што е изведен пред Судија на претходна постапка, од кого му е изречена мерка притвор.

На 21.04.2022 во 15.20 часот во Скопје од страна на полициски службеници од Одделението за криминалистички работи Кисела Вода во рамки на Единицата за внатрешни работи Кисела Вода при СВР Скопје е лишен од слобода Д.Д.(22) од Скопје, за кого била распишана потерница, со која се барал поради постоење основано сомнение дека сторил кривично дело „тешка кражба", казниво по чл.236 од Кривичниот законик. Тој на 22/23.05.2021 од чамец на езерото Козјак одзел мотор, разна риболовна опрема и други предмети, стекнувајќи се со противправна имотна корист. Д.Д. бил приведен во полициска станица, со него бил извршен службен разговор и во координација со Јавен обвинител, по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена кривична пријава по член 236 од Кривичниот законик.

На 20.04.2022 во 23.40 часот на крстосница на бул.„Партизански одреди" со ул. „Франклин Рузвелт" полициски службеници го пронашле штитеникот на ЈУ за згрижување на деца Р.М.(14), за кого претходно во Полициската станица Карпош било пријавено дека се оддалечил од установата.

На 21.04.2022 во 18.20 часот во Полициска станица Карпош, В.Р.(30) од Скопје пријавил дека на ул.„Скупи" бил каснат од куче скитник.

На 22.03.2022 во 18.10 часот во СВР Куманово З.Т.(58) од с.Макреш, кумановско, пријавил дека настанал пожар во атар на с.Макреш. Пожарот е изгаснат, а повредени лица нема. Полициски службеници излегле на местото на настанот.

На 21.04.2022 во 18.30 часот во Полициско одделение Ропотово, Л.А.(25) од с.Белишино, крушевско, пријавил дека во 15.00 часот во с.Црнилиште, по претходна расправија, бил физички нападнат од А.Ј.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Струга поднесе кривична пријава против Б.И.(39) од Струга, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 25.03.2022 полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што пронашле и одзеле кокаин.

На 21.04.2022 во 21.40 часот во Полициска станица Драчево, С.И.(24) од Скопје пријавил дека на ул.„Бранко Заревски" бил каснат од куче скитник.

На 22.04.2022 во 01.38 часот во Полициска станица Бит Пазар М.К.(51) од Скопје пријавил дека околу 01.40 часот на подрачјето на Чаир, по претходно недоразбирање во сообраќајот, тој и неговата сопруга биле физички нападнати од неколку лица, при што му било оштетено и неговото патничко возило „шевролет авео", со скопски регистарски ознаки. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против В.З.(22) од с.Церово, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење јавен превоз без поседување лиценца". На 02.03.2022 на ул.„Благоја Тоска" во Тетово, полициски службеници извршиле контрола во патничко возило „мерцедес", управувано од пријавениот, при што било констатирано дека врши јавен превоз на патници без да поседува лиценца.

На 21.04.2022 во 20.30 часот во Полициска станица Куманово, С.М.(32) од Куманово пријавил дека околу 20.00 часот пред Домот на културата во Куманово бил физички нападнат од А.Б.(28) од Куманово. Сочинет е записник за констатиран прекршок по чл. 12 од ЗППЈРМ.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против правно лице од Кочани - подружница Тетово и А.К.С.(35) од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствени прописи за време на епидемија". На 08/09.01.2022 во периодот од 22.00 до 01.00 часот, полициски службеници од СВР Тетово и Државниот пазарен инспекторат извршиле контрола за почитување на Ковид протоколите, при што било констатирано дека три лица не поседуваат Сертификат за извршена вакцинација за Ковид-19, ниту пак, сертификат за прележан Ковид-19, со што постапиле спротивно донесената одлука на Владата.

На 21.04.2022 околу 17.00 часот во СВР Куманово, А.Б.(61) од Куманово пријавил дека на 16.04.2022 околу 19.39 часот во Куманово бил физички нападнат од неговиот сосед И.Д.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 21.04.2022 во 21.10 часот во Полициска станица Чаир, Љ.Б.(54) од Скопје пријавила дека на ул.„Бутелска" била касната од куче скитник.

На 21.04.2022 во 22.20 часот во Полициска станица Битола, С.М. од с.Лознани пријави дека околу 22.15 часот пред селската продавница во с.Лознани, бил физички нападнат од Д.Т. од истото село. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Р.П.(38) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 01.04.2022 на бул. „Словенија", полициски службеници извршиле контрола во патничко возило, управувано од пријавениот, при што пронашле и одзеле марихуана.

На 21.04.2022 во 21.40 часот во Полициска станица Штип Г.Р.(28) од Штип пријавила дека во 19.30 часот, додека извршувала работни задачи во погон од фабрика во Штип, по претходна расправија била физички нападната од Д.Н., исто така вработен таму. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Струга поднесе кривична пријава против С.Ф.М.(28) од с.Дрслајца, струшко, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 24.01.2022 полициски службеници извршиле контрола и не ја пронашле пријавената во својот дом, иако имала решение за изолација од Државниот санитарен и здравствен инспекторат.

На 21.04.2022 во 22.30 часот во Полициска станица Карпош С.Б.(28) од Скопје пријавил дека околу 18.30 часот, додека се наоѓал на своето работно место во фирма на подрачјето на Карпош, по претходно недоразбирање, бил физички нападнат со остар предмет од неговиот колега А.Ш.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА
Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет